# **ЗАПИСНИК**

од 1-та седница на Комитет на совети при ЗЕЛС
Скопје 30 април, 2026 г.

**Присутни: Даме Димитровски**, претседател на Совет на Град Скопје, **Миле Трајковски**, претстедател на Совет на Општина Крива Паланка, **Јусуф Абдули,** претседател на Совет на Општина Тетово, **Анета Стамкова,** претседателка на Совет на Општина Гевгелија, **Александар Андов**, претседател на Совет на Општина Кочани, **Светлана Колариќ**, претседателка на Совет на Општина Кисела Вода, **Даниел Јаневски**, претседател на совет на Општина Велес

**Отсутни**: **Ајхан Сулковски**, претседател на Совет на Општина Кичево, **Коста Замановски**, претседател на Совет на Општина Ресен

Седницата на Комитетот на совети при ЗЕЛС го имаше следниов дневен ред:

1. Избор на претседател и двајца потпретседатели на Комитетот на советите;
2. Избор на двајца членови во УО на ЗЕЛС;
3. Избор на член од Комитетот на советите во Надзорниот одбор на ЗЕЛС;
4. Избор на член од Комитетот во Проектниот одбор за проектот „Зајакнување на општинските совети- фаза 2“
5. Разно;

По утврдување на бројот на присутни членови на Комитетот на Совети на 1-та седница од страна на извршната директорка на ЗЕЛС Душица Перишиќ, седницата отпочна. На почеток, директорката ги запозна присутните членови со улогата на ЗЕЛС од аспект на советите, а поконкретно зборуваше за улогата и надлежностите на Комитетот на Совети при ЗЕЛС, како тело кое има важна улога во иницирање на предлози и подобрување на работата на советите во сите општини. На кратко ги запозна претседателите на советите со почетовите на воспоствувањето на ова тело, неговата активност и важноста на учеството на претставници од Комитетот во другите тела на ЗЕЛС согласност со статутарните одредби. Потоа, таа зборуваше и за одлуката на УО на ЗЕЛС донесена на 3-та седница одржана на 21 април, 2026 во Охрид, за изборот на конкретните членови на Комитетот на Совети како претставници од 8-те плански региони. Ја потенцираше нивната улога за пренесување на одлуките од телата на ЗЕЛС пред останатите претседатели во одредениот плански регион, како и иницирање и собирање на предлозите од другите претседатели на совети во регионот кои би можеле да се дискутираат на седница на Комитетот на Совети. Потоа, согласно статут на ЗЕЛС одлуките кои се донесуваат во Комитетот на Совети се разгледуваат на Управниот Одбор на ЗЕЛС и на крај треба да се гласаат од Генералното Собрание на ЗЕЛС. Ги информираше и за спроведените воведни обуки за сите советници кои ги организираше ЗЕЛС и УНДП во рамките на проектот „Зајакнување на општински совети- фаза 2“, а се спроведоа регионално во текот на месец март и април, 2026 година.

По завршување на воведот, од страната на директорката беше предложено да се претстави секој од присутните членови, со фокус на нивно досегашно искуство во локалната самоуправа, или како советници/претседатели на совет.

Во однос на првата точка на дневниот ред, претседателката на Советот на Општина Кисела Вода, Светлана Колариќ, како една од искусните советници со 4

мандата како советник и втор како претстедателка на совет, даде предлог за Даме Димитровски од Град Скопје да биде избран за претстедател на Комитетот на Совети, водејќи се важноста на Градот Скопје како посебна локална самоуправа, со стратешка и централна функција во системот на локалната саноуправа. Даме Димитровски, претседател на Советот на Град Скопје беше едносгласнож избран за претстедател на Комитетот на Советите, по што тој ја презеде функцијата на претседавач на ова тело. Понатаму, тој даде предлог за избор на потпреседатели на телото, по што едногласно беа избрани Миле Трајковски од Општина Крива Паланка и Јуцуф Абдули од Општина Тетово. Со тоа првата точка на дневен ред заврши.

Согласно првата точка, откако беше направен избор на претседател и потпретседатели на Комитетот на Совет,а во корелација состатутот на ЗЕЛС се констатираше дека овие членови ќе учествуваат во работата на УО на ЗЕЛС, но само претстедателот на Комитетот има право на глас. Со тоа беше завршена и втората точка од дневниот ред.

Од страна на претстедателот Димитровски, за претставник во Надзорниот одбор на ЗЕЛС беше предложена Светлана Колариќ, која беше едногласно избрана со што се затвори и третата точка на дневниот ред и се продолжи со четвратата. За претставник на Управниот Комитет на проектот "Зајакнување на општински совети-фаза 2" беше избран претседателот на Комитетот на Совети, Даме Димитровски.

Под точка разно, претстедателот од Крива Паланка отвори прашање за досегашната работа во претходните мандати на Комитетот на совети, при што беше заклучено ЗЕЛС да направи пресек со краток преглед за поважните прашања кои биле дискутирани во рамките на ова тело на ЗЕЛС. Исто така беа информирани дека записниците од КоС се јавно достапни на интернет страницата на ЗЕЛС. Исто така тие истакнаа и големо задоволство од активноста на ЗЕЛС за организирањето на обуките за сите општински советници во земјава, што беше реализирано во шест плански региони во изминатиот месец. Дел од членовите на ова тело, кои зад себе имаат еден или повеќе советнички мандати, укажаа дека од посебна полза за квалитетно работење на општинските совети и во насока на донесување на конструктивни одлуки, би било организирање на дополнителни тематски обуки, по примерот од оние што беа реализирани во рамките на Проектот ,, Зајакнување на општински совети -фаза2". Тие особено потенцираа дека новите советниците од општините што во изминатиот период биле опфатени со обуки во овој Проект, сега ја немаат истата привилегија како нивните претходници. Исто така тие ја нагласија и важноста од вмрежувањето што токму на овие тематски обуки се реализира меѓу советниците од различни општини и региони. Присутните беа информирани дека таа тема беше апсолвирана на неодамна реализираните обуки што ги организираше ЗЕЛС, каде претставничката од УНДП подетално говореше за сите можности што ги нуди проектот и на новите избраните советници и дека доколку има потреба, ЗЕЛС повторно ќе ги испрати веќе доставените материјали. На крајот од седницата присутните се договорија дека на следната седница подетално ќе се дискутира за активностите во изминатиот период со цел да се одржи континуитет во работењето на ова тело.

Скопје, 30 април 2026 година Комитет на Совети при ЗЕЛС

Претседател

Даме Димитровски